
# МАКРОЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ ЗА ТОП100 КОМПАНИИ НА СЕВЕРО-ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

Анализата е изработена Сергеј Зафироски – Генерален Менаџер на агенцијата за истражување и консалтинг Инсајдер ИД. За дополнителни информации во однос на податоците, услугите и анализата контактирајте на +389 71 210 471 или info@insider.mk.

## 1. МАКРОЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД

Тековната 2023-ра година е обележана со големи светски турбуленции во сите домени на социо-економскиот живот. Македонската економија, како дел од глобалниот систем, не е заобиколена од случувањата, туку напротив е под силен притисок за да ги надмине предизвиците. Инфлацијата, енергетската криза, недостатокот на квалификувана работна сила се помеѓу клучните точки со кои што и државата и компаниите се обидуваат да пронајдат решение кое што би ги задоволило сите засегнати страни. Индикаторите посочуваат дека иако се очекува да Северна Македонија оствари низок економски раст, инфлацијата, намалувањето на економската активност во Германија, војните и останатите глобални случувања ќе влијаат да потенцијално економијата стагнира. Последните податоци од Интернационалниот Монетарен Фонд се дека растот на БДП ќе изнесува 2.5% и потрошувачкиот индекс (CPI) за 10% во 2023-та година[1]. Ситуацијата ќе да биде слична и во 2024 година, каде се очекува забавување на инфлацијата, но повторно понизок економски раст.

**Графикон 01**
БДП (Тековен) во УСД
Вредности во милијарди ('000 000 000) УСД
Регион: Западен Балкан
**Извор:** Светска Банка



| | Црна Гора | Босна и Херцеговина | Србија | Албанија | Косово | Северна Македонија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2022 | 6.10 | 24.53 | 63.50 | 18.88 | 9.43 | 13.56 |
| 2021 | 5.86 | 23.65 | 63.08 | 17.93 | 9.41 | 13.83 |
| 2020 | 4.77 | 20.23 | 53.36 | 15.16 | 7.72 | 12.36 |
| 2019 | 5.54 | 20.48 | 51.51 | 15.40 | 7.90 | 12.61 |
| 2018 | 5.51 | 20.48 | 50.64 | 15.16 | 7.88 | 12.68 |
| 2017 | 4.86 | 18.33 | 44.18 | 13.02 | 7.18 | 11.31 |
| 2016 | 4.38 | 17.12 | 40.69 | 11.86 | 6.68 | 10.67 |
| 2015 | 4.05 | 16.40 | 39.66 | 11.39 | 6.30 | 10.06 |
| 2014 | 4.59 | 18.56 | 47.06 | 13.23 | 7.07 | 11.36 |
| 2013 | 4.47 | 18.18 | 48.39 | 12.78 | 6.74 | 10.82 |
| 2012 | 4.09 | 17.23 | 43.31 | 12.32 | 6.16 | 9.75 |
| 2011 | 4.54 | 18.64 | 49.26 | 12.89 | 6.34 | 10.49 |
| 2010 | 4.14 | 17.18 | 41.82 | 11.93 | 5.34 | 9.41 |

Прегледот на БДП (тековни цени) за Западен Балкан, посочува дека во последните 13 години дел од државите меѓу кои и Северна Македонија, бележат понизок раст на БДП производ. Кумулативниот раст на домашната економија од 2010-та до 2022-ра изнесува 44%, за разлика од растот на Србија со 52%, Албанија со 58% и Косово со 76% во истиот период. Иако споредбата на државите според БДП не овозможува да се

[1] Republic of North Macedonia (imf.org)

заклучи дали една економија е подобра од другата, растот во дел од регионот јасно укажува на зголемен економски интерес и развој, а и ја потенцира потребата од регионална соработка. Комбинирано земјите кои се иницијатори на Отворен Балкан (Северна Македонија, Албанија и Србија) би имале БДП од 95 милијарди евра, со што значително се зголемува можноста за раст и развој на компаниите а со тоа и на државите.

**Графикон 02**
Раст на БДП
Споредба година со година
**Регион:** Западен Балкан
**Извор:** Светска Банка

| | Црна Гора | Босна и Херцеговина | Србија | Албанија | Косово | Северна Македонија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2022 | 6.09 | 3.90 | 2.25 | 4.84 | 3.51 | 2.15 |
| 2021 | 13.04 | 7.39 | 7.55 | 8.91 | 10.75 | 5.51 |
| 2020 | -15.31 | -3.02 | -0.90 | -3.30 | -5.34 | -6.11 |
| 2019 | 4.06 | 2.89 | 4.33 | 2.09 | 4.76 | 3.91 |
| 2018 | 5.08 | 3.83 | 4.50 | 4.02 | 3.41 | 2.88 |
| 2017 | 4.72 | 3.24 | 2.10 | 3.80 | 4.83 | 1.08 |
| 2016 | 2.95 | 3.24 | 3.34 | 3.31 | 5.57 | 2.85 |
| 2015 | 3.39 | 4.31 | 1.81 | 2.22 | 5.92 | 3.86 |
| 2014 | 1.78 | 1.15 | -1.59 | 1.77 | 3.35 | 3.63 |
| 2013 | 3.55 | 2.35 | 2.89 | 1.00 | 5.34 | 2.93 |
| 2012 | -2.72 | -0.82 | -0.68 | 1.42 | 1.71 | -0.46 |
| 2011 | 3.23 | 0.96 | 2.04 | 2.55 | 6.32 | 2.34 |
| 2010 | 2.73 | 0.87 | 0.73 | 3.71 | 4.94 | 3.36 |


Стапките на раст на БДП укажуваат на тоа дека регионот сеуште се обидува да ги надмине последиците од КОВИД-19 и тековните глобални кризи. Македонската економија во 2022 година има низок раст од 2.15% и како и претходно наведено за 2023-та е проектирано да изнесува 2.50%. За 2024-та година проекциите се сеуште позитивни, но доколку се има во предвид дека регионалните економии се високо зависни од извозот во Германија, влегувањето на најголемата Европска економија во рецесија директно ќе влијае и на перформансот на регионот. Државите од Западен Балкан се ставени пред нов предизвик за изнаоѓање на нови пазари и изнаоѓање на начини за пласман на производите и услугите, со што би се осигурал иден раст и развој.

### 1.1. Продуктивноста на трудот како предизвик

Потенцијално најголемиот предизвик за домашната економија е недостатокот на квалификувана работна сила. Според едно од истражувањата на Инсајдер ИД, приближно 60% од вработените или досега работеле или би сакале да се преселат од Северна Македонија. При намалување на слободната работна сила, компаниите се ставени пред предизвик да најдат начини како да ја зголемат продуктивноста а со тоа и сопствениот капацитет. Компаниите ја посочуваат ниската продуктивност на домашните вработени, како еден од факторите за нискиот економски раст кој го продлабочува тој недостаток. Сето тоа укажува дека и во иднина проблемот ќе биде присутен и дополнително ќе се продлабочува.

Еден од индикаторите кој овозможува споредба е **БДП по работен час** кој се објавува од страна на Интернационалната Организација на Трудот (ILO) и се пресметува како сооднос помеѓу вкупниот БДП и работните часови за период од една година. Очекувано е да државите кои имаат поголем економски раст да остваруваат и повисок степен на продуктивност, бидејќи двата индикатори се меѓусебно поврзани. Албанија, Босна и Херцеговина и Србија имаат раст од 62%, 45% и 34% кое е значително повисоко од 16% во Северна Македонија.

**Графикон 03**
Кумулативен раст на продуктивноста за период 2006 - 2021
Извор: Интернационална Организација на Трудот (ILO)





**Напомена:** за Косово не се достапни податоците во дата базата на ILO

Причините за нискиот раст на продуктивноста можат да бидат од различни причини, но забележливо е дека Албанија, Србија и Босна и Херцеговина имаат значително повисок раст споредбено со Северна Македонија и Црна Гора. Всушност, продуктивноста на вработените во Албанија, Србија и БиХ се зголемила за минимум 30% (Србија) кое е значително повисоко споредбено со 16% во Северна Македонија или 11% во Црна Гора.

Тоа што е специфично за Северна Македонија е дека невработеноста има значително намалување во анализираниот период или од 32% на 12% за лицата над 25 години. Зголемувањето на бројот на вработени го зголемува и вкупниот фонд на часови со кои се дели БДП. Следствено и покрај значителното зголемување на бројот на вработени лица, се остварува позитивен раст кое сепак укажува на општо зголемување на продуктивноста во Државата. Бидејќи невработеноста е намалена, тоа што може да се очекува е зголемување на продуктивноста кај постоечките вработи и повисоки стапки на раст во следниот период.

**Графикон 04**
Раст на БДП и Раст на БДП по работен час
Држава: Северна Македонија
**Извор:** Интернационалан Организација на Трудот (ILO)
**Споредба година со година**




Доколку се споредат податоците помеѓу растот на БДП и продуктивноста по работен час, само се потврдува претходниот заклучок, дека продуктивноста е под влијание на други фактори, особено вработеноста во државата отколку вредноста на сите произведени производи и услуги во државата. Пример за тоа е 2020-та година каде при значително намалување на БДП има раст на продуктивноста, пред се поради осцилациите во нивото на вработеност во државата.


# ФИНАНСИСКИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЧЛЕНКИТЕ НА СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРО-ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

Во значително динамично окружување, членките на Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија остваруваат подобри финансиски резултати и раст како на приходот така и на профитот, бројот на вработени и инвестициите. Вкупниот (неофицијално проектиран) приход кој го остваруваат членките изнесува 2.58 милијарди евра во 2022-ра година, со профит од 177 милиони евра. Растот на приходот и профитот во однос на претходната 2021-ва година е до 19%

Нето-профитната маргина е на приближно еднакво ниво како и во 2021-ва година или 6.87% споредбено со 6.85% во 2022-ра година. Всушност од 2020-та година, нето-профитната маржа има забележлив континуитет со ниска осцилација. Очекувано е дека и во следните неколку години профитот (како процент) ќе се одржи на исто ниво, додека приходот ќе има дополнителен раст. Тоа што потенцијално може да влијае на профитабилноста е зголемувањето на платите на вработените, бидејќи само ТОП 100 членките според вработени, имаат повеќе од 9,500 вработени и ниско зголемување на платите директно може да влијае на нивото на профитабилност.

**Напомена:** проекцијата на вкупниот приход на комората е изработен врз основа на податоците достапни до 2019-та година и остварениот раст на ТОП 100-те компании. Релативниот раст за тековната година е калкулиран како просечната релативна вредност на растот од претходните години.

**Графикон 05**
Приходи на сите членки во комората
**Профитна маржа:** 5.13%-6.87%
Износи во милиони ('000 000) евра




**Табела XX**
Нето-профит, раст на приход и профит на членки на Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија

| Индикатор | 2018 год. | 2019 год. | 2020 год. | 2021 год. | 2022 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| Нето-профитна маржа на сите членки | 5.13% | 5.77% | 6.65% | 6.87% | 6.85% |
| Раст на приход | | 5.99% | 6.55% | 14.22% | 19.77% |
| Раст на профит | | 19.27% | 22.74% | 17.89% | 19.49% |


Растот на приходот и профитот во претходните неколку години е значителен, односно во 2021 и 2022 за приходот е повеќе од 14% додека за профитот повеќе од 17%. Тоа што треба да се има во предвид е дека во последните 2 години има висока инфлација, која влијае на цената на финалните производи и репроматеријали. Дел од остварениот раст е последица на зголемување на цените на производите а не како зголемување на активноста кај претпријатијата. За да се определи точниот и реален раст на компаниите, е потребна дополнителна анализа на тоа какво и колкаво е влијанието на инфлација врз конкретната индустрија (или компанија) за да може да се донесе релевантен заклучок за остварениот раст. Во анализата во претходната година, потенцирано е дека и покрај комплексните услови во кои што работат компаниите, ќе биде остварен раст на приходот и профитот, пред се поради општото зголемување на цените на производите.

## Финансиска перформанс и проекција за 2021 – 2023 година

Најголемите 100 компании членки во Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија имаат раст на приходот од 20% и профитот од 25% во 2022-ра година споредбено со 2021-ва година. Во апсолутен износ приходот пораснал од 1.14 милијарди на 1.38 милијарди евра, додека профитот од 80.68 на 100.9 милиони евра. Растот на најголемите компании е приближно 10 пати повисок од тој на економијата кој според Светската Банка изнесувал 2.15% во 2022-ра.


Проекциите за 2023 се изработени врз база на растот/падот кој го имале компаниите во периодот 2018-22. И покрај очекувањата за рецесија и претходно потенцираното намалување на економската активност во Европа, најголемите компании е проектирано да остварат раст на приходот и профитот, бидејќи во тековната 2023-та година промените не се на нивото да предизвикаат намалување на резултатите. Калкулациите сугерираат дека во 2023-та година, ТОП 100-те компании ќе остварат приближно 200 милиони евра повисок приход од 1.38 на 1.59 милијарди евра и профит поголем за 20 милиони евра. Платите и недостатокот на квалификувана работна сила, ќе имаат влијание на најмногу на профитот.

**Графикон 06**
Приходи и расходи на ТОП100 компании и идна проекција
Достапни податоци (ТОП 100): 2018 - 2022
**Проектиран период:** 2021 – 2023
Вредности во милиони ('000 000) евра




Нето-профитната маргина во претходните 3 години е во рамките помеѓу 7.0% - 7.9%, во 2022-ра изнесува 7.3% колку што се очекува да изнесува и во 2023-та. Иако во претходните 3 години компаниите работат во значително комплексни услови, имаат поголема стабилност на приходите и профитите кое што сугерира дека таа стабилност ќе биде таргет и во следниот период. ТОП 100 компании според вработените имаат раст од приближно 300 вработени помеѓу 2021-2022 или од 9,158 на 9,441.

**Графикон 07**
Нето-профитна маржа - ТОП100




**Графикон 08**
Број на вработени – ТОП 100



## Споредба на основните финансиски параметри помеѓу членките на комората и ТОП 100

Последен дел од анализата е посветен за споредба помеѓу проектираните финансиски перформанси на сите членки на комората и ТОП100 Компании во периодот од 2018-та до 2022-та година. Значењето на најголемите компании е високо имајќи во предвид дека нивното учество во вкупните приходи, добивка и број на вработени споредбено со генералниот перформанс е и повеќе од значајно. Всушност, растот кој го имаат на генерално ниво сите компании во комората во однос на добивката е пред се поттикнато од растот кој е остварен од ТОП100-те компании.

Приходот кој е остварен од сите членки е помеѓу 2,587 милиони евра, споредбено со 1,381 милиони евра во 2022-та кај ТОП100-те компании според приход. Во истата година приходот на најголемите 100 учествуваат со 53% во вкупниот приход или приближно половина. **Изразено процентуално 9.5% (според податоците од 2019) од компаниите остваруваат 50% од вкупниот приход во комората.**

За вториот индикатор, профитот, сите членки имаат вкупно остварено од 85,93 милиони евра (2018) до проектирани 177 милиони евра (2022) со просечен раст од 20% на годишно ниво, споредбено со 49,53 до 100,92 милиони евра за ТОП100 компании. Добивката од најголемите компании имаат учество од 57% во вкупната добивка на сите членки на комората или 9.5% од компаниите (100 компании) остваруваат 2/3 од вкупната добивка.

**Графикон 09**
Приходи, расходи и профит на сите членки и ТОП100 компании
**Износи во милиони ('000 000) евра**




**Табела 03**
Детална анализа и споредба на финансиски перформанси

| | 2018 год. | 2019 год. | 2020 год. | 2021 год. | 2022 год.. |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1047 | 1047 | 1047 | | |
| Приходи на членки | 1,674.28 | 1,774.64 | 1,890.91 | 2,159.76 | 2,586.82 |
| Раст на приход | | 5.99% | 6.55% | 14.22% | 19.77% |
| Профит на членки | 85.93 | 102.48 | 125.78 | 148.28 | 177.19 |
| Раст на профит | | 19.27% | 22.74% | 17.89% | 19.49% |
| | | | | | |
| Приходи на ТОП100 | 785.26 | 896.68 | 925.97 | 1,146.56 | 1,381.24 |
| Раст на приход ТОП 100 | | 14.19% | 3.27% | 23.82% | 20.47% |
| Профит на ТОП100 | 49.53 | 56.66 | 73.03 | 80.58 | 100.92 |
| Раст на профит ТОП 100 | | 14.40% | 28.89% | 10.34% | 25.24% |
| Учество на профитот од ТОП100 во вкупен профит | 57.64% | 55.29% | 58.06% | 54.34% | 56.96% |
| Учество на приход на ТОП100 во вкупен приход | 46.90% | 50.53% | 48.97% | 53.09% | 53.40% |
| Нето-профитна маржа на сите членки | 5.13% | 5.77% | 6.65% | 6.87% | 6.85% |
| Нето-профитна маржа на ТОП100 | 6.31% | 6.32% | 7.89% | 7.03% | 7.31% |

Профитните маргини, кај двете групи се прилично изедначени, со мала предност на ТОП100-те компании или во просек 1%, која на висок обрт кој е остварен од компаниите има значаен апсолутен износ (*на 700 милиони евра е 7 милиони евра профит*).

За разлика од претходните години, во 2023-та и 2024-та компаниите ќе имаат поголеми предизвици. Како неколку пати напоменато, очекуваната рецесија, зголемување на недостатокот на кадар, инфлацијата и зголемувањето на платите ќе влијае на целокупниот резултат. Се поголем број на компании ќе носат одлуки за дигитализација на процесите, со цел да го заменат човечкиот капитал тргнувајќи од позициите за кои е возможна автоматизација. Со сигурност, најголемите компании ќе ја задржат профитабилноста и приходот, но значително ќе се фокусираат на интерните процеси за да бидат во можност да одговорат на се поголемите надворешни барања и комплексни макро-економски окружувања.